# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР НА БАС, за 2026 година

Програмата за професионален развој на наставниот кадар на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола, претставува документ со кој институцијата го уредува континуираното унапредување на академските, педагошките, дидактичките и другите потребни компетенции на наставниот кадар. Програмата се темели на Европските стандарди и насоки за обезбедување на квалитет во високото образование (ESG 2015), особено на:

- ESG 1.1 – Политика за обезбедување квалитет, преку јасно дефинирање на одговорностите на институцијата за развој на човечките ресурси;
- ESG 1.3 – Студент-центрирано учење, настава и оценување, преку јакнење на наставните методи и иновативните педагошки пристапи;
- ESG 1.5 – Наставен кадар, во насока на обезбедување компетентен, квалификуван и континуирано професионално развиван наставен кадар;

Годишната Програма за професионален развој на наставниот кадар на БАС за 2026 година е во корелација и со насоките кои се дадени во Стратегијата за развој и управување со квалитетот на Бизнис академија Смилевски (БАС) за периодот 2025-2029 г., како и врз основа на резултатите од Анкетниот прашалник спроведен во јануари 2026 година.

Со цел ефективно и реално планирање на активностите за професионален развој, оваа Годишна програма се фокусира на три приоритетни области, за кои наставниците на БАС покажаа најголем интерес.

## Приоритетни области за професионален развој

## 1. ИТ алатки и дигитални платформи

Оваа област е највисоко рангирана од страна на наставниот кадар и претставува клучен сегмент за модернизација на наставниот процес и унапредување на квалитетот на наставата.

**Цел:**

Подобрување на дигиталните компетенции на наставниците и зголемување на ефикасноста во наставата преку примена на современи ИТ алатки и дигитални платформи.

**Планирани активности:**

- Дополнително истражување на одговорното лице за утврдување на конкретни потреби на наставниот кадар на БАС;
- Вовед во користење на алатки базирани на вештачка интелигенција во образованието.

## 2. Личен и професионален развој

Наставниците ја истакнаа потребата од континуирано унапредување на личните и професионалните компетенции, што директно влијае врз нивната мотивација и ефикасност во работата.

**Цел:**

Јакнење на личните и професионалните вештини на наставниот кадар и поддршка на нивниот кариерен развој.

**Планирани активности:**

- Утврдување на потребиет наставниците за личен и професионален развој на годишно ниво и одржани две обуки (по една во семестар) за личен и професионален развој.

## 3. Англиски јазик

Потребата од унапредување на познавањето на англискиот јазик е значајна е особено во контекст на користење стручна литература, учество на меѓународни конференции и професионална соработка.

**Цел:**

Подобрување на јазичните компетенции на наставниот кадар со фокус на академски и стручен англиски јазик.

**Планирани активности:**

- Курсеви по стручен и академски англиски јазик
- Работилници за пишување и презентирање на научни трудови на англиски јазик.

# Акциски план за равој на наставен кадар на БАС за 2026 г.

| *Приоритетна област:* | *Активности* | *Формат* | *Временска рамка* | *Одговорни лица* | *Потребни ресурси* | *Индикатори за успех* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИТ алатки и дигитални платформи | • Дополнително истражување на одговорното лице за утврдување на конкретни потреби на наставниот кадар на БАС;<br>• Подготовка на две обуки за подобрување на ИТ вештини;<br>• Подготовка на работилница за користење на алатки базирани на вештачка интелигенција во образованието; | Работилница (хибриден начин) | По една во семестар – препорачано на почеток на семестар | Иван Ѓоргиевски | / | Утврдени две области за подобрување на ИТ вештини на наставен кадар;<br><br>Одржани две обуки за пдообрување на ИТ вештини на наставен кадар;<br><br>Одржана една работилница за алатки базирани на вештачка интелегенција. |
| Личен и професионален развој | • Дополнително истражување на одговорното лице за потреба од конкретни обуки за личен и професионален развој;<br>• Подготвени/договорени обуки за личен и професионален развој; | Работилница (физичко присуство) | Две годишно | Билјана Галовска<br>Гордана Тасевска | Патни трошоци, трошоци за обучувач, материјали за работа; | Одржана една обука за личен развој;<br>Одржана една обука/работилница за професионален развој. |
| Англиски јазик | • Истражена понуда за Курсеви по стручен и академски англиски јазик;<br>• Посета на работилници за пишување и презентирање на научни трудови на англиски јазик. | Курс/обука | Континуирано | Лично | Ресурсите се покриваат лично или со дел од средствата за професионален развој на вработените на БАС | Напредување за едно ниво на познавање на англискиот јазик (читање, пишување, конверзација, граматика) |

***Прилог: Резултати од Анкетен прашалник за наставен кадар***

Анкетниот прашалник е спроведен во текот на месец јануари 2026 г. Истиот е дистрибуиран до 9 наставници на БАС, а одговор е добиен од 8 наставници.

Следуваат резултати од спроведениот анкетен прашалник.

Првото прашање се однесува на тоа колку години работен стаж имаат анкетираните наставници на БАС. Резултатите се прикажани на графиконот бр. 1




Графикон бр. 1 Работен стаж на анкетираните наставници

Врз основа на графиконот бр. 1 може да се констатира дека најголемиот дел анкетирани наставници имаат работен стаж на БАС повеќе од десет години (87,5%), додека пак 12,5% односно еден наставник има работен стаж помалку од десет години на БАС.

Второто прашање се однесува на тоа како анкетираните ја оценуваат сопствената експертиза за моменталната работна позиција. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот бр. 2.




Графикон бр. 2 Кон прашањето „Како ја оценувате Вашата експертиза на моменталната работна позиција?"

Од графиконот бр. 2 може да се констатира дека 75% од анкетираните наставници ја оценуваат својата експертиза на моменталната работна позиција како многу добра, а 25% од анкетирани ја оценуваат таа експертиза со добра.

Третото прашање се однесува на тоа кои области наставниците сакаат да ги развиваат. Ова е едно од клучните прашања во овој Анкетен прашалник, за да може да се креира успешна Програма за развој на наставниот кадар на БАС. Еве кои резултати се добија.




Графикон бр. 3 Области кои наставниците сакаат да ги развиваат дополнително

Четвртото прашање даваше можност наставниците да допишат кои други области, а кои не се наведени во третото прашање, наставниците сакаат да ги развиваат. Се доби само еден одговор, а тоа е за Користење на вештачката интелегенција.

Петтото прашање се однесува на тоа дали наставниците сакаат да учествуваат вп редовни обуки/тренинзи. Резултатите кон ова прашање се прикажани на следниот графикон.




Графикон бр. 5 Кон прашањето: Дали би сакале да учествувате на редовни обуки/тренинзи

Врз основа на графиконот бр 5 може да се забележи дека 75% од анкетираните изразуваат желба да учествуваат на редовни обуки/тренинзи, додека пак 25% не сакаат да учествуваат.

За тоа кои се главните пречки за професионалниот развој на наставниците на БАС, важни се одговорите кон прашањето број шест, а кои се прикажани на Графиконот бр. 6.




Графикон бр. 6 Главни пречки за професионално усовршување на наставниците на БАС

Врз основа на графиконот бр. 6 може да се зебележи дека јаголема пречка е недостатокот на финансиски средства, потоа недостатокот на време, па недоволната поддршка од меаџерскиот тим, а на крај неатрактивната понуда на обуки.

На седмото прашање „Што би Ве мотивирало да учествувате во активности за професионален развој?“ одговорите се прикажани на графиконот бр. 7.

7. Што би Ве мотивирало да учествувате во активности за професионален развој? (може да изберете повеќе опции)

8 responses




Графикон бр. 7 Што ги мотивира наставниците на БАС да учествуваат во активности за професионален развој

Врз основа на графиконот бр. 7, може да се забележи дека најголемиот дел анкетирани ги мотивира зголемувањето на знаењето и компетенциите, а потоа професионалниот и кариерен развој.

За да се добие слика за тоа кој формат на обука/тренинг најмногу им одговара на наставниците, поставено е прашањето бр. 8. Еве кои резултати се добиени.




Графикон бр. 8 Кој формат на обука/тренинг најмногу им одговара на наставниците

По однос на тоа каква динамика им одговара на наставниците, поставено е прашањето бр. 9. Еве кои резултати се добиени.




Графикон бр. 9 Динамика на организирање на обуки/тренинзи

Од графиконот бр. 9 може да се забележи дека на наставниците најмногу им одговара на секои два – три месеци или еднаш годишно (по 37%), месечно и на секои шест месеци им одговара на 12,5% одделно.

Нареден блок прашања, се прашања кои се однесуваат на учеството на конференции и семинари. Токму во тој контекст е прашањето бр. 10. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот подолу.




Графикон бр. 10 Колку често наставниот кадар на БАС учествува на конференции, семинари и сл.

Од графиконот бр. 10 може да се забележи дека најголемиот дел анкетирани наставници учествуваат два до три пати годишно на конференции и семинари (50%), 37,5% учествуваат еднаш годишно, а 12,5% не учествуваат.

Од анкетираните беше побарано да го изразат својот став по однос на финансиската поддршка за учество на конференции и семинари. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот бр. 11




Графикон бр. 11 Став на наставниците по однос на финансиската поддршка за учество на конференции,семинари и сл.

Претпоследното прашање од Анкетниот прашалник наменет за наставниците е во врска со висината на финансиската поддршка што БАС треба да ја одвој за учество на конференции, семинари и сл. Резултатите кон ова прашање се прикажани на графиконот бр. 12.

12. Која финансиска конструкција би била задоволителна за Вашите потреби за учество на конференции/семинари?
8 responses




Графикон бр. 12 Задоволителна финансиска конструкција за учество на конференции/семинари

На крајот од Анкетниот прашалник беше доадена можност, преку отворено прашање, за дополнителни предлози и потреби за професионален развој.

На ова прашање беше дадена потребата за слободни саати од работното време за истражување и развој.

**Програмата ја изработија**

Проф. д-р Лидија Стефановска
Проф. д-р Маја Кузмановска
МБА Андријана Апостолоба
МБА Данче Антиќ

Битола, 09.02.2026 г.